ГЛАСНИК 60 1 2016 ISSN 0583-4961

СТАТИИ

УДК 327 (497.7+497.16) ”653”

# ВРСКИТЕ МЕЃУ МАКЕДОНИЈА И ДУКЉА ВО СРЕДНИОТ ВЕК[1]

*Александар Атанасовски*
Редовен професор на Катедрата за историја при Филозофскиот факултет на Универзитетот Св „Кирил и Методиј" во Скопје

Abstract

Writing about Macedonian-Montenegrin relations in the Middle Ages is, basically, writing about the times of Samuil and his successors, when the territory of modern Montenegro was known as Duklja and Zeta, while after the byzantine-bulgarian peace of 927 Macedonia is called "Bulgaria" or "Bulgarian land". Our attention is focused on establishing a precise chronological framework of the expedition of Samuil to Dalmatia, the marriage of his daughter Kosara to Jovan Vladimir, the ruler of Duklja, as well as the marriage connections of Balsha and Olivera, the daughter of king Volkasin.

*Keywords*: war, diplomacy, political marriage, Samuil, Jovan (Ivan) Vladimir.

Првите податоци за контакти меѓу двете земји ги наоѓаме во Летописот на Поп Дукљанин[2], кој што зборува за периодот на цар Самуил и посебно за неговиот поход на Запад, при што во тој поход на удар му се нашла и територијата на Дукља.

Во поглед на хронологијата кога бил изведен походот на Самуил кон Далмација во историографијата владеат различни мислења. Еден дел од историчарите се на мислење дека походот бил изведен во периодот од 986 до 989 година[3], по победата на Самуил над Василиј II кај Трајановата порта, а друг

---

[1] Насловот на статијата е по инсистирање на авторот.

[2] Постојат три верзии на Летописот на поп Дукљанин, едната на латински јазик, направена од самиот автор, една непотполна на хрватски јазик, наречена Хрватска хроника и преводот на последната на латински јазик од Марко Марулиќ. За Летописот и за изданијата види: Басотова Љубинка, *Летописот на попот Дукљанин како извор за македонската средновековна историја*. – Споменици за средновековната и поновата историја на Македонија. Том V, Прилеп 1988, стр.133-149; Peričič E., *Sclavorum Regnum Grgura Barskog, Ljetopis popa Dukljanina*. Bar 1991.

[3] Така мислат: Гилфердинг, Дринов, Станоевиќ, Ќоровиќ. Антолјак, Басотова и др. Спореди: Антолјак С., *Самуилова држава.–Средновековна Македонија*. Т.1. Скопје

дел се на мислење дека тоа се случило по 997 година[4], по поразот на Самуил кај Сперхеј, а во поново време според српскиот историчар Тибор Живковиќ походот се одиграл во 1008 година[5]. Веднаш да напоменеме дека изворите на кои се базираме не говорат прецизно за датумот на одвивање на походот, но индиректно Летописот на поп Дукљанин кажува дека Самуил се издигнал во времето на дукљанскиот владетел Тугемир. Потоа зборува за воениот поход против земјата на Владимир, кого го заробил и го одвел во Преспа во затвор, каде што тој се запознал со ќерката на Самуил Косара со која потоа се оженил и бил вратен на татковиот престол.

Поп Дукљанин за Самуил и неговиот поход кон Дукља и Далмација зборува во 36-та глава, која што се истакнува по својата особеност и композиција во однос на целокупниот останат текст на оваа хроника. Од историски аспект, повеќе научници се согласуваат дека токму оваа глава од целиот „Летопис" е „доста верен историски извор" и дека „она што поп Дукљанин го кажува не се покажува како легенда, туку како историја" и дека „самиот текст на Дукљанин (мисли на гл. 36) во суштина е повеќе историско кажување отколку легенда"[6].

Оваа глава е интересна за нас затоа што таа претставува еден вид житие на дукљанскиот кнез Владимир и содржи податоци зачајни и потврдени за периодот на постоењето и пропаста на Самуиловата држава и неговите контакти со територијата на Дукља.

На самиот почеток од главата се кажува дека уште додека Владимир бил момче тој ја зел власта во свои раце и владеел со Дукља, по смртта на татка си Петрислав. Во тоа време ....„гореспоменатиот Самуил, цар на Бугарините, собра голема војска и пристигна во пределите на Далмација, во земјата на кралот Владимир...."[7]. Во преводот на Орбини овој дел гласи: „Во негово време, Самуил, гореспоменатиот цар на Бугарија влезе во Далмација со голема војска и почна да ја вознемирува земјата на кралот Владимир"[8].

Индиректни податоци за тоа кога се случил походот ни дава Јахја Антиохиски кога раскажува за судбината на Владимир кој што се повлекол на планината Облик. Неговото повлекување на планината било само маневар за да

1985, стр. 380-392.

[4] Кон ова гледиште се држат: Златарски, Рунциман, Острогорски, Шишиќ, Бошкоски и др. Спореди: Бошкоски М., Великаните на македонскиот среден век. Кн.1.Скопје 2007, стр. 89-98.

[5] Живковић Т., Поход бугарског цара Самуила на Далмации. - Историски часопис. Књ. XLIX, 2002, 9-25.

[6] Новаковиќ Ст., Први основи словенске књижевности меѓу балканским Словенима, Легенда о Владимиру и Косари. Београд 1893, п. 203.

[7] Mošin V., *Ljetopis popa Dukljanina*. Zagreb 1950, 78. Бидејќи на едно место Дукљанин кажува дека Самуил се издигнал во времето на Тугемир, потоа не кажува ништо за тоа кога завладеал Петрислав со Дукља и колку време владеел и кога го наследил син му Владимир, сето тоа го отежнува точното утврдување на настаните.

[8] Басотова Љ., *Летописот на попот Дукљанин како извор за македонската средновековна историја.* - Споменици за средновековната и поновата историја на Македонија. Т. V., Прилеп 1988, 189.

добие на време и можеби да почека помош од Византија, која како протектор на тие земји веројатно имала и некои обврски да ги брани од евентуални напади. Но тогаш, како што пишува Јахја Антиохиски, Византија имала поважни грижи, а тоа било смирувањето на бунтот на Варда Фока кој во 987 година по победата над Варда Склир самиот се прогласил за цар[9]. Во вакква ситуација, Дукља и „останатите грчки области на запад" не можеле да се надеваат на помош од Византија. Имајќи го тоа предвид, Владимир ја увидел безнадежноста на својата ситуација, се откажал од отпор и се предал во рацете на моќниот освојувач кој веднаш го испратил како заложник во својата престолнина Преспа. Токму делот кај што зборува за бунтот на Варда Фока ни укажува на фактот дека походот кон Дукља бил изведен 987–988 година, веднаш по Самуиловата победа кај Трајановата порта.

Овие податоци од поп Дукљанин наоѓаат индиректна потврда и кај Јахја, на она место каде што зборува за бунтот на Варда Фока, додека Василиј II бил зафатен со војната против него каде „Бугарите го искористиле случајот и неколку пати војувале во грчката земја и ја опустошиле до градот Солун, а ги нападнале и оние грчки области што се на запад". Овде под „грчки области на запад" може да се подразберат Дукља, Далмација, Босна и Рашка, кои директно или индиректно дотогаш ја признавале власта на Византија[10].

Навестувања за овие Самуилови дејства имаме и кај Скилица-Кедрен, кој што вели: „Откако се ослободи од грижата за граѓанската војна, царот почна да размислува како да излезе на крај со Самуил и другите месни топарси, кои ја искористија неговата зафатеност со бунтовите и им направија големо зло на ромејските земји"[11]. Бунтот на Варда Фока бил ликвидиран 988 година и по таа година Василиј II можел да крои планови како да излезе на крај со Самуил.

Втората група научници како аргумент за своето гледиште дека походот бил изведен по 997 година го наведуваат фактот што во 90-тите години бил обновен трговскиот договор меѓу германскиот цар Отон III и венецијанскиот дужд Петар II Орсеол (991–1020), и дека тогаш Венеција побарала трговски олеснувања и кон Византија. Во 992 година византиските цареви Василиј II и неговиот брат совладетел Константин VIII, на Венецијанците им издале хрисовула со која им дале трговски олеснувања (намалување на таксите од 30 на 17 солиди). Во услови на зафатеност на византискиот цар на исток, Венеција „имала должност" да ги заштитува византиските интереси во градовите долж Јадранското Море во областа Далмација. Дукља го признавала византискиот суверенитет, а по смртта на хрватскиот крал Држислав, Венеција сметала дека треба да го поддржи претендентот на хрватскиот престол Светислав Суроња, наспроти просамуиловиот претендент Крешимир и неговиот

[9] *Византијски извори за историју народа Југославије.*Т. III, Београд 1966. 86/87. За овој бунт спореди: Острогорски Г., *Историја Византије*. Второ фототипно издање, Београд 1969.288-289.

[10] Антолјак С., *Самуилова држава*, 245.

[11] *Ioannis Scylitzae synopsis historiarum.* Editio princeps, rec. I. Thurn Apud Walter de Gruyter et socios Berolini et Novi Eboraci 1973, 339,20,64-67; *Византијски извори за историју народа Југославије.* Т. III, 87; Антолјак С., *Самуилова држава*, 257.

совладетел Гојислав. Меѓу другото, Венеција меѓу 998 и 1000 година со флота интервенирала за да ја спречи хрватската помош за цар Самуил и да ги заштити своите интереси[12]. Според М. Бошкоски главната цел на походот била да се спречи византиската коалиција на бреговите на Јадранското Море, чија главна окосница била Венецијанската република, провизантиската Зета, освојувањето на далматинските градови и помошта на хрватскиот крал Крешимир и неговиот брат Гојислав во борбата за зацврстување на престолот[13].

Сето ова би било прифатливо само ако Самуил во 996/97 година не претрпел катастрофален пораз кај реката Сперхеј, во која битка бил и тешко ранет, па најверојатно му требало време за да ги залечи раните, а од друга страна Василиј II бил во својата највисока воена моќ, постојано присутен на балканското боиште, и тешко дека Самуил би се решил на еден таков поход.

Од друга страна овие аргументи можат и поинаку да се толкуваат. Имено, откако Самуил продрел кон Дукља и Далмација, Византија се ослободила од бунтот на Варда Фока и побарала сојуз со Венеција, и токму затоа ѝ издала хрисовул за олеснување на трговијата со цел да ја придобие на своја страна. Венеција во тој период фактички е зависна од Византија и била должна да ги заштитува градовите по Јадранското Море кои влегувале во областа Далмација. Можно е Самуиловиот поход кон Далмација да бил инициран од хрватскиот крал Држислав со цел да ја зајакне својата позиција во борбата против Византија и Венеција, а по неговата смрт неговите противници се здружиле со цел да го истиснат Самуиловото влијание во Хрватска и да ги зајакнат позициите на неговите противници. Во тој период, крајот на X век, Самуил не бил во состојба да му помогне на својот пријател во Хрватска. Впрочем, во тоа може да е и суштината на кажувањето „дека Василиј откако се ослободил од бунтот на Варда Фока кроел планови како да се справи со Самуил" и во тие планови било и подобрувањето на византиските позиции на Јадранското море.

Другиот аргумент, на кој се повикуваат приврзаниците на второто гледиште е т.н. српско пратеништво кај Византија од 993 година, за кое самиот Георги Острогорски не е сигурен од кои „српски" земји било испратено и со која цел[14]. Па вели дека можеби било испратено од Рашка. Но мора да напоменеме дека вестите за ова пратеништво се сосема несигурни. Можело да биде испратено и од Владимир, кој бил зет на Самуил, и во чие име управувал со својата земја, но немаме податоци во какви односи бил Владимир со Византија!? Дали тоа пратеништво не било испратено од него да бара посредство од Византија за враќање на моштите на Св. Трифун, кои своевремено Самуил ги однел од Котор? Пратеништвото можеле да го испратат и граѓаните на Котор, за кои не знаеме дали биле потчинети на Самуил. Тие барале начин како да им се вратат однесените свети мошти на нивниот патрон. Исто така, тоа пратеништво

[12] За овие настани спореди: Dölger F., *Regesten der Kaiserurkunden des Oströmishes* I München-Berlin, 1924, № 781, 100; Margetić I., *Vjerodostojnost vijesti Andrije Dandola o Dalmaciji u XI st.* ЗРВИ XIX, 1980, 121; Klaić N., *Povjest Hrvata u ranom sredjem vijeku*. Zagreb 1971, 322 bel. 149, 325-326; Пириватриќ С., *Самуилова држава*, 107-109 бел. 112-116; Бошкоски М., *Великаните*, 89-90.

[13] Бошкоски М., *Великаните*, 89-90, и таму цитираната литература во бел. 111 и 112.

[14] Острогорски Г., *Српско посланство*, Сабрани дела, IV, Београд 1970, 147-158.

можело да биде во врска и со преместувањето на црковниот центар на Дукља од континенталниот дел во градот Бар. Настанот се случил 993 година.

Од друга страна, ако се земе предвид Самуиловиот поход во североисточна, северна и северозападна Бугарија што се одвивал во 990–991 година, може да се допушти можност тоа српско пратеништво да било испратено од пределите што своевремено влегувале во обласста Морава, а токму во 991 година се нашле на удар на Самуиловите војски. Доколку тоа се покаже за точно, тогаш може и сосема јасно да се согледа и целта на пратеништвото (сојуз за заемна борба против Самуил). Пратеништвото било примено во воениот логор на Василиј, што укажува на тоа дека Василиј бил во поход против Самуил, и во една таква воено-полотичка состојба на постојана закана од воена интервенција Самуил не можел да ја остави својата држава без одбрана и да замине во долг поход кон Далмација.

Друг аргумент кој оди во прилог на првото гледиште е дека по 997 година Самуил ја омажил ќерка си Мирослава за Ашот, заробен под Солун, и ги испратил младенците да го чуваат градот Драч[15], што значи дека Самуил веќе го имал освоено тој град, во спротивно немало никаква смисла испраќањето на свој човек да заштитува град кој што не го владеел. Сето тоа ја разнишува теоријата за хронолошката определба на походот на Самуил кон Дукља и Далмација кон крајот на X век и оди во прилог на тезата дека сепак походот бил изведен во периодот по битката кај Трајановата порта од 986 до 988 година, бидејќи во 989 година Самуил го освоил Бер. Не можеме да го прифатиме второто гледиште од причина што после еден тежок пораз кај Сперхеј и негово ранување, невозможно било Самуил да се осмели да тргне во поход кон Далмација. Тој немало да мож да ја брани својата територија додека бил отсутен од овие простори, а Василиј притискал од сите страни, поточно неговото присуство на балканското боиште било постојано регистрирано и тој бил во постојани контакти со Самуил.

Но, ако се земе предвид политичката состојба во Византија по 986 година и бунтот на Варда Склир и Варда Фока, Василиј целосно бил преокупиран со задушување на овој бунт. Во врска со овој бунт се зачестените контакти на Василиј со киевска Русија и нивното покрстување во 988/989 година[16]. Токму таквиот ангажман на Василиј на источното боиште одело во прилог на Самуил и тој можел безгрижно да војува на запад. Откако Василиј ги средил работите на исток, се свртел кон Западот и тогаш ги подобрил односите со Венеција, можеби склучил и сојуз со Србите за борба против Самуил, во врска со што може да се доведе и српското пратеништво кај Василиј во 992–993 година. Не мора да се прифати гледиштето на Острогорски дека српското пратеништво било испратено пред да паднат српските земји под власта на Самуил[17]. Тоа можело да биде испратено и потоа, со цел Византија да помогне Србите да се ослободат од Самуиловата власт, иако мора да напоменеме дека никаде не е наведена целта на тоа пратеништво и од кои „српски" земји било испратено.

[15] Божилов И., - Гюзелев В., *История на средновековна България*, 322.

[16] Литературата за покрстувањето на Русија види ја кај: Божилов И., - Гюзелев В., *История на средновековна България* , 320 и бел. 17 на стр.336.

[17] Острогорски Г., *Српско посланство цару Василију* II, 153.

Да се вратиме на текот на настаните во врска со самиот поход. Според поп Дукљанин, „Владимир не сакал во војната да погине никој од неговите, покорно се повлекол и се искачил на планината Облик со сиот свој народ“[18]. Тогаш цар Самуил испратил еден дел од војската да го заземе Улцињ, а еден дел од војската оставил да ја опседнува планината, сакајќи со опсада да го принуди Владимир да му се предаде. Самуил видел дека не може со сила да го добие во свои раце Владимир, па се обидел тоа да го стори по дипломатски пат преку пратеници, за што поп Дукљанин вели: „царот испрати гласници кај кралот Владимир, да се симне од планината заедно со сите што се со него. Но, кралот не прифати. Жупанот на истото место, сличен на предавникот Јуда, му прати на царот порака, зборувајќи: Господару, ако му е драго на твоето величество, јас ќе ти го предадам кралот. Царот му одговори: Ако успееш да го сториш тоа, знај дека ќе те направам богат и моќен“[19].

Малку поинаку овој настан е пренесен во преводот на Орбини каде што стои дека: „Самуил, повикувајќи ги да се симнат од планината им ветил дека никому нема да му стори никакво зло. Еден од неговите жупани, тајно отишол кај Самуил и предложил да му го предаде кралот, доколку му вети голема награда. Самуил, се разбира му ветил „mari e monti“ (морињa и планини). Жупанот потоа го наговорил Владимир дека треба да се предаде во рацете на Бугаринот и го убедил дека Самуил нема да му стори ништо лошо“[20].

Владимир, увидувајќи дека е безнадежно и натаму да ги поднесува невољите на опсадата, подлегнал на наговорот на жупанот, сметајќи дека тој самиот како „добар пастир“ треба да се жртвува за своето стадо, за да ги поштеди своите луѓе од „глад и меч“, и му се предал на Самуил. Но, овој „веднаш го испратил во прогонство, во пределите на Охридско во местото што се нарекува Преспа, каде што бил дворецот и седиштето на истиот цар“[21].

Од наведеното, јасно се гледа дека Самуил го испратил Владимир во Преспа, во својство на заложник. Откако пропаднале сите надежи за успешен отпор, Владимир му се предал на Самуил. Неговото повлекување на планината било само маневар за да добие на време и можеби да почека помош од Византија, која како протектор на тие земји веројатно имала и некои обврски да ги брани од евентуални напади. Но тогаш, како што пишува Јахја Антиохиски, Византија имала поважни грижи, а тоа било смирувањето на бунтот на Варда Фока, кој 987 година, по победата над Варда Склир, самиот се прогласил за цар[22]. Во ваква ситуација, Дукља и „останатите грчки области на запад“ не можеле да се надеваат на помош од Византија. Имајќи го тоа предвид, Владимир ја увидел безнадежноста на својата ситуација, се откажал од отпор и се предал во

---

[18] Шишиќ Ф., *Летопис попа Дукљанина*. САН, књ. LXVII, Београд–Загреб, 1928, 331,455,456.

[19] Басотова Љ., *Летописот*, 192.

[20] Шишиќ Ф., *Летопис попа...*, 332; Басотова Љ., *Летописот*, 191.

[21] Шишиќ Ф., *Летопис попа...*, 331-333; Басотова Љ., *Летописот*, 192.

[22] За овој бунт спореди: Острогорски Г., *Историја Византије*. Второ фототипно издање, Београд 1969.288-289.

рацете на моќниот освојувач кој веднаш го испратил како заложник во својата престолнина Преспа.

Орбини во својот латински превод малку поинаку ја пренесува оваа епизода, и според него Владимир пред да му се предаде на Самуил одржал говор пред своите и рекол: „Сега Бугаринот ветува дека сака да ве пушти без повреда ако јас се симнам, а ако не го сторам тоа, се заканува дека сите ќе бидеме уништени од глад“[23]. Од ова може да се заклучи дека Владимир не оди доброволно во заложништво, жртвувајќи се за својот народ, туку тој е присилен на еден таков чекор поради заканите и упорноста на Самуил дека „нема да си замине од тоа место“, односно да ја крене опсадата од Облик, и дека со глад ќе ги принуди на предавање или ќе ги уништи. Веднаш потоа, откако го испратил Владимир за Преспа, Самуил ја претворил неговата земја во своја покраина со која управувал негов наместник.

Во врска со тие настани поп Дукљанин вели: „откако ги соедини војските (тие од под Улцињ и тие од под планината Облик) долго го напаѓаше Улцињ. Оттаму разгневен се крена и почна да ја руши, пали, ограбува цела Далмација. Градовите Котор и Дубровник ги запали,потоа ги опустоши селата и целата област до таа мера што се чинеше дека земјата останала без ниеден жител. Пустошејќи така, царот ги премина приморските и планинските области сè до Задар. Потоа преку Босна и Рашка се врати во своето место“[24].

По неуспешната опсада на градот Задар, Самуил преку Босна и Рашка се вратил во Преспа, каде што Владимир бил во затвор и окован и ги минувал ноќите во пост и молитви, и „тогаш еден ден ќерката на цар Самуил по име Косара, поттикната и вдахновена од Светиот Дух, дојде кај татка си и побара од него да се симне со своите слугинки и да им ја измие главата и нозете на окованите и заробените. Тоа и беше допуштено од татко ѝ. Меѓутоа, здогледувајќи го Владимира, и гледајќи колку е убав на лик, покорен, кроток и скромен, полн со мудрост и божја разборитост, таа запре и позборува со него. И се стори нејзе зборот негов посладок од мед и саќе. Значи, не од страст, туку зашто се сожали на неговата младост и убавина и зашто слушна дека е крал и од кралска лоза, го засака, и откако го поздрави си замина. Потоа, сакајќи да го ослободи од оковите, дојде кај царот, му падна пред нозе и вака му рече: Мој татко и господару, знам дека намераваш да ме омажиш, како што е обичајот. А сега, ако е по волја на твоето величие, или дај ми го за маж кралот Владимир, кого што во окови го држиш, или знај, дека поскоро ќе умрам, одошто да земам друг маж. Слушајќи го ова царот, бидејќи многу ја љубеше својата ќерка, а и бидејќи знаеше дека Владимир е од кралско потекло, се израдува и се согласи да ѝ го исполни барањето. Веднаш испрати по Владимира да го избањаат и да го облечат во кралска облека и пред великаните на своето кралство му ја даде ќерка си за жена. Откако според кралскиот обичај ја прослави свадбата на својата ќерка, царот го постави Владимира за крал и му ја даде земјата и татковото кралство, како и целата земја на Драчаните. Потоа царот му испрати порака на Драгимир, чичкото

[23] Шишић Ф., *Летопис попа...*, 333; Басотова Љ., *Летописот*,192.

[24] Шишић Ф., *Летопис попа...*, 333-334; Басотова Љ., *Летописот*,193.Види и Антолјак С., *Самуилова држава*, 386.

на кралот Владимир, да се симне и да ја преземе својата земја Травунија, да го собере народот и да ја насели земјата. Тоа така и се случи“[25].

Вака попот Дукљанин ја прикажува романтичната историја за љубовта и бракот на Владимир и Косара.

Од друга страна, пак, Самуил, како умен и далекувид државник знаел дека е неопходно да ги зацврсти своите политички и стратешки позиции во новоосвоените земји на Западот. Тој чувствувал и знаел дека Византија нема да мирува и рамнодушно да ги прифати сите негови офанзивни акции и освојувања. Самиот факт што по освојувањето на Дукља тој не го ликвидирал Владимир, иако му бил во рацете, туку го довел во Преспа во своја близина, укажува дека тој имал одредени планови во врска со него. Љубовта на неговата миленичка Косара кон Владимир можеби било токму она што самиот тој го посакувал. Затоа тој се израдувал на нејзиното барање да се омажи за него, бидејќи тоа се поклопувало со неговите планови. Со создавањето на еден близок роднински сојуз, не само со Владимир, туку и со чичко му Драгимир, тој се обезбедил од Западот и ги ослободил своите потенцијали за евентуална дефанзива на исток, на која речиси со сигурност можел да се надева. Во тоа се состои и дипломатско-политичката причина што Самуил радосно ја одобрил женидбата на својата ќерка Косара со Владимир[26].

Додека бил жив Самуил односите со Владимир останале пријателски, иако внесува мала забуна во таа констатација присуството на едно „српско пратеништво“ во Цариград, за кое некои учени сметаат дека било испратено од Владимир, а други пак дека било од Рашка. Како и да е, попот Дукљанин, а и Скилица, не даваат податоци дека дошло до некакво нарушување на меѓусебните односи. По смртта на Самуил, 6 октомври 1014 година, на престолот го наследил неговиот син Гаврило Радомир. И тој останал во добри односи со својот зет Иван Владимир. Промени во односите на Самуиловата владетелска куќа со Владимир настанале за времето на последниот цар Иван Владислав, внук на Самуил. За тие настани опширни податоци ни дава попот Дукљанин.

По опишувањето на убиството на Гаврило Радомир од страна на Јован Владислав, поп Дукљанин вели: „Откако го примил царството (Владислав) испратил пратеници кај кралот Владимир за да дојде кај него. Штом го чула ова, кралицата Косара го задржувала велејќи: Господару мој, немој да одиш да не ти се случи и тебе, далеку било, како на брат ми. Пушти ме мене да одам, да видам и да слушнам како се однесува кралот. Ако сака да ме погуби, нека ме погуби! Само ти да не загинеш“[27].

Според овие вести, Владислав набрзо по стапувањето на престолот имал одредени планови кон дукљанскиот владетел. Го повикал кај себе, веројатно под

---

[25] Mošin V., *Ljetopis popa Dukljanina*, 81; Шишић Ф., *Летопис попа...*, 455-456; Басотова Љ., *Летописот*, 195-196. Види и: Андреев Й., *Любовните истории в българското средновековие*.Велико Търново, 1996, 15.

[26] Поопширно види: Антољак С., *Самуилова држава*, 384; Басотова Љ., *Летописот*, 196.

[27] Mošin V., *Ljetopis*, 82; 82; Басотова Љ., *Летописот*, 209 ;Андреев Й., *Лјоубовните истории*. 16.

изговор за договор. Но, Косара била претпазлива. Се понудила сама да појде и да ја испита ситуацијата. Со дозвола на својот маж Косара се упатила кај својот братучед. Била примена со почести, но сепак тоа било само привидно. Владислав не давал повод за сомневање и повторно инсистирал на доаѓањето на Владимир.

„Потоа, по втор пат му испратил на кралот пратеници, давајќи му златен крст и збор, велејќи: Зошто се двоумиш да дојдеш? Еве твојата сопруга ништо не претрпе кај мене, туку со почести е примена од мене и моите. Прими ја верата на крстот и дојди да те видам, па да се вратиш во твоето место со почести и дарови, заедно со твојата сопруга“[28].

Владимир се посомневал и во овие зборови на Владислав. Тој барал посигурна гаранција од златниот крст. Согласно на својата длабока религиозност, тој му порачал на Владислав дека Христос бил распнат на дрвен крст, а не на златен или сребрен. Затоа: „ако е права твојата вера и ако се вистинити твоите зборови, преку рацете на духовни луѓе прати ми дрвен крст, а јас со верата и силата на нашиот Господ Исус Христос имајќи надеж во животворниот крст и скапоценото дрво ќе дојдам“[29].

Од ова јасно се гледа дека Владимир немал доверба во својот роднина и побарал сигурна гаранција, мислејќи дека црквата нема јавно да стане соучесник на еден злостор. Но, Владислав бил решен да ја спроведе својата замисла до крај. „Тогаш беа повикани двајца епископи и еден испосник, па злобно мамејќи ги во својата искреност им даде дрвен крст и ги прати кај кралот. Овие кога пристигнаа го поздравија кралот и му ја предадоа гаранцијата и крстот“[30]. Од текстот може да се заклучи дека духовните лица не биле запознаени со вистинската намера на Владислав. Тој ги довел во заблуда и ги искористил како орудие за своите цели. Владимир верувајќи им на духовниците ја примил гаранцијата за верба и со мала придружба се упатил кон Преспа. По патот, според Дукљанин, со божја закрила ги избегнал сите заседи што Јован Владислав му ги поставил.

Така, според поп Дукљанин, „кралот дојде во дворецот на царот, во местото што се нарекува Преспа, и веднаш штом влезе, според својот обичај, почна да се моли на небесниот Бог. Кога царот разбрал дека пристигнал, силно се разгневил. Тој претпоставувал во своето срце дека овој ќе биде убиен на патот пред да дојде кај него, за да не се чини дека тој (Владислав) е соучесник во неговото убиство и дека се согласил со тоа. Дотолку повеќе што се беше заколнал и го предал во рацете на епископите и на испосникот крстот. Поради тоа тој му беше поставил заседи на патот. Но сега веќе виде дека е откриено неговото премногу гнасно дело, па седејќи на ручек, прати крвници да го заколат“[31].

Кога Владимир сетил дека е жртва на измама ги укорил свештените лица. „Што сторивте? Зошто ме измамивте така? Тие од срам не смееле да го погледнат в очи. Тогаш тој се причестил и се предал во рацете на крвниците,

[28] Mošin V., *Ljetopis*, 82; 82; Басотова Љ., *Летописот*, 209; Андреев Й. *Лјубовните истории*. 16.

[29] Mošin V., *Ljetopis*, 82; Басотова Љ., *Летописот*, 209-210.

[30] Mošin V., *Ljetopis*, 83; Басотова Љ., *Летописот*, 210.

[31] Mošin V., *Ljetopis*, 83; Басотова Љ., *Летописот* ,210.

па изјавувајќи дека умира без вина го предал крстот на епископите, излегол од црквата и веднаш бил убиен од војниците пред вратата на црквата“[32]. Заклан бил на 22 мај 1016 година[33].

Според вестите на Дукљанин, Владимир бил погребан во истата црква пред чии што порти бил убиен. „Епископите го подигнаа неговото тело и со химни и пофалби го погребаа во истата црква“[34]. Неговиот гроб, според Дукљанин, се претворил во место за поклонение, поради што Владислав се покајал и исплашил па затоа и дозволил на својата братучетка Косара: „да го дигне неговото тело и достојно да го погреба каде што сака. Таа најпосле го однесе неговото тело и го префрли во местото што се нарекува Краини, каде што имало негов дворец, го погреба во црквата на Света Марија“[35].

По смртта на Владимир, неговиот чичко Драгимир собрал народ и војска за да ја земе земјата и кралството на своите татковци. Меѓутоа, при престојот во Котор, бил намамен на еден остров и убиен. По неговата смрт, во Летописот на поп Дукљанин се наоѓа уште еден податок за врските на Самуиловиот род со претставници од Дукља. По смртта на Драгимир, неговата сопруга родила дете-посмртче кое Дукљанин го нарекол Доброслав (Воислав). Кога детето израснало мајка му го испратила да се образува во Дубровник. Таму зел за жена прекрасна девојка, внука на Самуил, со која добил пет сина, чии имиња се: Гоислав, Михаил, Саганек, Радослав и Предислав[36]. Од овие пет сина Михаил бил татко на уште една личност која одиграла значајна улога во нашата историја, Константин Бодин[37].

Во 1072/73 година во Македонија избувнало востание организирано од скопските првенци на чело со Георги Војтех. Но, бидејќи Војтех немал царско потекло, востаниците за помош се обратиле до зетскиот владетел Михаил, а од друга страна сакале да добијат и меѓународна поддршка. Михаил им испратил 300 војници на чело со војсководачот Петрило. Со нив го испратил и својот син Константин Бодин. Востаниците го пречекале кај Приздијана (Призрен), по стариот македонски обичај го издигнале на штит и го прогласиле за цар[38]. Во чест на водачот на претходното востание од 1040/41 му го промениле името во

---

[32] Басотова Љ., *Летописот*, 211.

[33] За смртта на Владимир спореди: Антолјак С., *Самуилова држава*, 553 и таму наведената литература. Види и: Андреев Й., *Люубовните истории*. 17.

[34] Mošin V., *Ljetopis*, 83; Басотова Љ., *Летописот*, 213.

[35] Mošin V., *Ljetopis*, 84; Басотова Љ., *Летописот*, 213. Спореди и Антолјак С., *Самуилова држава*, 554 и бел. 1026. Спореди и: Андреев Й., *Лююбовните истории*. 17. Денес остатоци од црквата Св. Пречиста Краинска близу до Скадарското Езеро.

[36] Mošin V., *Ljetopis*, 87; Басотова Љ., *Летописот*, 219.

[37] За различните мислења околу имињата на синовите и која е внуката на Самуил види: Басотова Љ., *Летописот*, 219-220.

[38] За востанието на Георги Војтех и прогласувањето на Бодин за цар види: *Документи за борбата на македонскиот народ за самостојност и за национална држава*. Том 1. Скопје 1981, 105-107. Спореди и: Антолјак С., *Учеството и улогата на Србите, Хрватите и Унгарците во востанието на Георги Војтех (1072 г.)*.- Средновековна Македонија. Т. 1, Скопје 1985, 726-770.

Петар. За да биде прогласен Бодин за цар влијаела неговата крвна поврзаност со родот на Самуил. По средбата кај Призрен, востаничката војска се поделила. Бодин со дел од војската се упатил кон Ниш, а Петрило со дел од војската се упатил на југ кон Охрид и Костур. Но, кај Костур бил поразен и со остатокот од војската се вратил во Зета. Византија успеала да го заземе Скопје. Георги Војтех му испратил писмо на Бодин да го запознае со новонастанатата состојба и му предложил план како повторно да го ослободат Скопје. Но, Византијците дознале за планот и ја пресретнале востаничката војска кај местото Таонион (Паун) на Косово, и ја поразиле. Војтех и Бодин биле заробени и одведени за Цариград. По патот од тешките мачења умрел Георги Војтех, додека Бодин бил испратен во затвор во Антиохија[39]. Оттаму, венецијански трговци успеале да го ослободат и да го вратат во својата татковина, каде набргу го наследил татка си на престолот.

Во 90-тите години на векот тој навлегол во пределите на Охридско и предизвикал раздвижување на населението од тој крај. Но, тоа раздвижување не прераснало во востание и Византија успеала да ја смири ситуацијата[40].

Во наредните векови контактите меѓу Македонија и Зета се одвивале главно на трговска база. До нови политички врски дошло во втората половина на XIV век, по смртта на цар Душан, кога во Македонија се осамостоил кралот Димитри Волкашин, чија што ќерка Оливера била омажена за зетскиот владетел Ѓураѓ Балшиќ[41]. Овој брак придонел за зајакнување на меѓусебните односи, и во 1370/71 година Волкашин и син му Марко ги среќаваме кај Скадар, на пат да му помогнат на својот зет во борбата со Никола Алтомановиќ[42]. Но, опасноста од Османлиите го натерала Волкашин да го напушти тоа боиште и заедно со брата си Углеша да замине во поход против Османлиите. Во решавачката битка на реката Марица на 26 септември 1371 година загинале и двајцата[43]. Нив ги наследил кралот Марко, кој што не успеал да ги задржи сите наследени територии, и во негово време дошло до нарушување на односите со зетските владетели, но сепак еден од неговите браќа, Иваниш, го среќаваме како се бори на страната на Балша II Балшиќ против Османлиите во битката на Саурското поле 1386 година, каде што загинал[44] заедно со својот роднина.

[39] *Документи*, 1., 107; Панов Б., *Востанијата на македонскиот народ во XI век.* – Средновековна Македонија. Т.3. Скопје 1985, 63.

[40] Панов Б., *Средновековна Македонија*. Том 2. Скопје 1985. 355.

[41] Атанасовски А., *Македонија во XIV век*. Тетово 2009. 162-163

[42] Атанасовски А., *Македонија во XIV век.* 178.

[43] *Истото*, 185-192.

[44] *Истото*, 205.